# 44. ГОРИ МЛАДО, ГОРИ, ДОПРВА ЌЕ ГОРИШ

Крај: Чемерско, Тиквеш
Пеел: Јованче Чемерски
Роден: Чемерско, 1885 год.
Мелограф.: Ал. Линин

Лента бр.: 246/2
Снимена: Кавадарци. Тиквеш
22 октомври 1959 год.
Мелограф.: 04.06.1964, Скопје




Гори младо, гори, допрва ќе гориш;
допрва ќе гориш, пламен ќе се дигне;
пламен ќе се дигне, пепел ќе се сториш;
пепел ќе се сториш, ф крпа ќе те врзам;
ф крпа ќе те врзам, ф гради ќе те носам;
ф гради ќе те носам, ф бавча ќе те сејам;
ф бавча ќе те сејам, цвеќе да израснеш;
цвеќе да израснеш, китки да расцветат;
китки да расцветат, јазе да ги скинам;
јазе да ги скинам, јазе да мириснам;
јазе да мириснам, за тебе да смислам.

Забелешка: Во сите стихови интерполацијата е „лудо“

Линин, Александар. Тиквешки народни песни. Скопје: Мисла 1978